1890
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки, македонски албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603-1125

Четврток, БЕЛГРАД
БРОЈ 70 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 4 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885: Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756

**946.**

Врз основа на член 29 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРОПАН-БУТАН ВО ПРОМЕТОТ НА ГОЛЕМО И НА МАЛО

1. Начинот на формирањето на цените за пропан-бутан во прометот на големо и на мало го одредуваат републиките и автономните покраини.

2. До донесувањето на прописите на републиките и на автономните покраини за начинот на формирањето на цените за пропан-бутан, формирањето на цените на тие производи во прометот се врши калкулативно, со примена на разликата во цената на постојното ниво, согласно со важечките прописи.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 342
20 декември 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**947.**

Врз основа на член 17 од Законот за ограничување на приходите од даноците и придонесите од стопанството и за ограничување на стапките на данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/72 и 59/73), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ И ЗАКОНСКИ ОБВРСКИ ОД ДОХОДОТ

Член 1

Во Правилникот за начинот за пресметување на одредени даноци и придонеси и законски обврски од доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/73, 40/73 и 53/73) во обрасците ДП-1 и ДП-2 што се составен дел на тој правилник, во текстот под редниот број 14 зборовите: „за заедничка потрошувачка со намена за изградба на станови," се бришат, а на крајот на текстот се додаваат зборовите: „а за користење надвор од организацијата на здружениот труд".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр 1-13372/1
23 декември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле**, с. р.

---

**948.**

Врз основа на член 32 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на ФНРЈ" бр. 45/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65 и 37/73), во согласност со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за стопанство издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ НА НАРЕДБАТА ЗА ТАРИФАТА ЗА НАПЛАТА НА ЖИГОВИНА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПРЕГЛЕД И ТИПСКО ИСПИТУВАЊЕ НА МЕРИЛА

1. Тарифата за наплата на жиговина и други надоместоци за преглед и типско испитување на мерила, која е составен дел на Наредбата за Тарифата за наплата на жиговина и други надоместоци за преглед и типско испитување на мерила („Службен лист на ФНРЈ", бр 8/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 23/64 и 23/66), се менува и гласи:

## „ТАРИФА

### за наплата на жиговина и други надоместоци за преглед и типско испитување на мерила

### ДЕЛ I. ЖИГОВИНА ЗА ПРЕГЛЕД НА МЕРИЛА

**А. Мерила за должина**

Тар. број 1

| | Дин/парче |
|---|---|
| 1. Мерила за должина, од трговска класа на точност: | |
| 1) едноставни мерила од дрво и од сличен материјал во облик на стап: | |
| до 1 m — — — — — — — — | 1,50 |
| над 1 m — — — — — — — — | 4,00 |
| 2) едноставни мерила од метал (линијки, летви и сл.): | |
| помали од 1 m — — — — — — | 1,50 |
| од 1 m — — — — — — — — | 4,00 |
| над 1 до 2 m — — — — — — — | 8,00 |
| над 2 m — — — — — — — — | 40,00 |

| | Дин/парче |
|---|---|
| 3) сложиви мерила на зглобови од дрво и од сличен материјал: | |
| до 1 m — — — — — — — — | 0,50 |
| над 1 m — — — — — — — — | 0,80 |
| 4) сложиви мерила на зглобови од метал: | |
| до 1 m — — — — — — — — | 1,00 |
| над 1 m — — — — — — — — | 1,50 |
| 5) мерни ленти од метал и од пластична маса (во лачен и рамен напречен пресек): | |
| до 2 m — — — — — — — — | 0,50 |
| над 2 до 3 m — — — — — — | 2,00 |
| над 3 до 5 m — — — — — — | 5,00 |
| над 5 до 10 m — — — — — — | 8,00 |
| над 10 до 20 m — — — — — | 15,00 |
| над 20 до 30 m — — — — — | 40,00 |
| над 30 до 50 m — — — — — | 60,00 |
| над 50 m — — — — — — | 80,00 |
| 6) мерила за дебелина (поместувачки мерила) од дрво и од метал: | |
| до 1 m — — — — — — — — | 2,00 |
| над 1 m — — — — — — — — | 3,00 |
| 7) индустриски мерила: | |
| поместувачки мерила (шубери) — | 15,00 |
| микрометри — — — — — — | 20,00 |
| аголници — — — — — — | 20,00 |
| длабинометри — — — — — | 15,00 |
| 2. Прецизни мерила за должина: | |
| за преглед на прецизни мерила за должина се наплатува трикратен износ од тарифните ставови 2 и 5 на овој тарифен број | |
| 3. Паралелни гранични мерила: | |
| 1) ако прегледот се врши со напоредна метода: | |
| до 25 mm — — — — — — | 5,00 |
| над 25 до 100 mm — — — — | 8,00 |
| над 100 до 500 mm — — — — | 10,00 |
| над 500 mm — — — — — — | 15,00 |
| 2) ако прегледот се врши со апсолутна метода: | |
| до 25 mm — — — — — — | 30,00 |
| над 25 до 100 mm — — — — | 40,00 |
| 4. Справи за мерење должина: | |
| 1) справи за мерење должина со премотување: | |
| на жица и кабел — — — — | 40,00 |
| на текстилни ленти — — — — | 30,00 |
| на текстилни ткаенини — — — | 80,00 |
| на завоен материјал — — — | 50,00 |
| на хартија, покривна хартија и тапети — — — — — — — — | 50,00 |
| на жичено ткаење — — — — | 50,00 |
| 2) справи за мерење должина на текстил: | |
| со полагање — — — — — — | 120,00 |

Тар. број 2

| | |
|---|---|
| Таксаметри — — — — — — | 50,00 |

**Б. Мерила за површина**

Тар. број 3

| | |
|---|---|
| 1. Справи за мерење површина — — | 80,00 |
| 2. Планиметри — — — — — — | 40,00 |

**В. Мерила за маса**

Тар. број 4

| | Дин/парче |
|---|---|
| 1. Ваги, од трговска класа на точност: | |
| 1) ваги со постојана положба на рамнотежа: | |
| до 20 kg — — — — — — — | 5,00 |
| над 20 до 100 kg — — — — — | 10,00 |
| над 100 до 500 kg — — — — | 16,00 |
| над 500 до 1 000 kg — — — — | 20,00 |
| над 1 000 до 5 000 kg — — — — | 50,00 |
| над 5 000 до 10 000 kg — — — — | 200,00 |
| над 10 000 до 20 000 kg — — — | 300,00 |
| над 20 000 до 50 000 kg — — — | 400,00 |
| над 50 000 kg, за секои понатамошни започнати 10 000 kg уште по — — — — — — — — | 100,00 |
| 2) ваги со променлива положба на рамнотежа за преглед на наклонска вага или вага со наклонска направа до 5 000 kg, се наплатува двократен износ на жиговината од тар. став 1, а за преглед на таква вага над 5 000 kg, покрај износот на жиговината од тар. став 1 на овој тарифен број уште по — | 100,00 |
| 3) автоматски и полуавтоматски ваги за мерење на еднакви количини, за пакување, за дозирање на компоненти и др. | |
| за преглед на вага за мерење на еднакви количини, на вага за пакување, на вага за дозирање на компоненти и др. со автоматска или полуавтоматска направа за мерење на кабасти, зрнести прашочни, течни и други материјали а со кои се мери само еден вид материјал: | |
| до 50 kg — — — — — — — | 100,00 |
| над 50 до 200 kg — — — — — | 150,00 |
| над 200 до 1 000 kg — — — — | 200,00 |
| над 1 000 kg — — — — — — | 300,00 |
| за преглед на вагите од тар. став 3 на овој тарифен број со кои се мерат повеќе видови материјали, за секој понатамошен вид материјал се наплатува уште по — — — | 50,00 |
| 4) ваги на транспортна лента — — | 300,00 |
| 2. Прецизни ваги (ваги со голема прецизност) за преглед на прецизна вага (ваги со голема прецизност) се наплатува трократен износ на жиговината од тар. став 1 и 2 на овој тарифен број | |
| 3. Аналитички ваги (ваги со специјална прецизност) — — — — — — | 80,00 |

Тар. број 5

| | |
|---|---|
| Справи за мерење на хектолитарска маса на жито: | |
| од 1/4 литра — — — — — — — — | 25,00 |
| од 1 литар — — — — — — — — | 30,00 |

Дин/парче

Тар. број 6

1. Тегови од трговска класа на точност:

| | |
|---|---|
| од 1 до 500 g — — — — — — | 0,50 |
| од 1 до 5 kg — — — — — — — | 1,00 |
| од 10 до 50 kg — — — — — — | 2,00 |

2. Прецизни тегови:

| | |
|---|---|
| од 1 до 500 mg — — — — — — | 1,00 |

за преглед на прецизни тегови од 1 g до 20 kg се наплатува трикратен износ на жиговината од точка 1 на овој тарифен број

3 Аналитички тегови:

| | |
|---|---|
| до 500 mg — — — — — — — | 2,00 |
| од 1 до 100 g — — — — — — | 3,00 |
| од 200 g до 1 kg — — — — — | 10,00 |

4 За преглед на каратни тегови жиговината се наплатува како за прецизни тегови

5. За преглед на специјални тегови, како и на тара-тегови, што на преглед ги поднесуваат производителите и лица што поправаат и преправаат мерила, се наплатува износот на жиговината како и за тегови од трговска класа на точност од точка 1 на овој тарифен број

**Г. Мерила за зафатнина**

Тар број 7

1. Мерила за мерење на течни и сипливи материјали, од трговска класа на точност:

| | |
|---|---|
| до 2 литра — — — — — — — | 0,50 |
| над 2 до 5 литра — — — — — | 1,50 |
| над 5 до 50 литра — — — — — | 4,00 |
| од 1 хектолитар — — — — — | 6,00 |
| над 1 хектолитар — — — — — | 12,00 |

2 Рамки за мерење дрва:

| | |
|---|---|
| до 2 m³ — — — — — — — — | 3,00 |
| над 2 m³ — — — — — — — | 4,00 |

3. Сандаци за мерење чакал, песок и друг градежен материјал — — — 20,00

Тар. број 8

Мерила за млеко:

1. Канти за млеко:

| | |
|---|---|
| до 5 литра — — — — — — — | 2,00 |
| над 5 до 10 литра — — — — — | 3,00 |
| над 10 литра — — — — — — | 4,00 |

2. Справи за мерење млеко:

| | |
|---|---|
| до 5 литра — — — — — — — | 8,00 |
| над 5 до 10 литра — — — — — | 10,00 |
| над 10 литра, за секои понатамошни започнати 10 литра уште по — — | 2,00 |

Тар. број 9

Справи за мерење течни горива и други течности

1. Справи со садови за мерење според вкупната зафатнина на тие садови:

| | |
|---|---|
| до 2 литра — — — — — — — | 5,00 |
| над 2 до 5 литра — — — — — | 8,00 |
| над 5 до 50 литра — — — — — | 10,00 |
| над 50 литра — — — — — — | 20,00 |

Дин/парче

2. Справи со механички направи за мерење зафатнина, со проток:

| | |
|---|---|
| до 30 l/min — — — — — — | 30,00 |
| над 30 до 100 l/min — — — — — | 60,00 |
| над 100 до 200 l/min — — — — — | 80,00 |
| над 200 до 400 l/min — — — — | 120,00 |
| над 400 до 600 l/min — — — — — | 160,00 |
| над 600 до 800 l/min — — — — | 200,00 |
| над 800 до 1 000 l/min — — — — | 300,00 |
| над 1 000 до 2 000 l/min — — — — | 400,00 |
| над 2 000 до 5 000 l/min — — — — | 500,00 |
| над 5 000 l/min за секои понатамошни започнати 1 000 l/min уште по — | 100,00 |

3. Справи со механички направи за мерење на мешаници на течни горива, по справа — — — — — — — 100,00

Тар. број 10

1. Цистерни, резервоари и танкови, со и без поделба, што се испитуваат по сув или воден пат:

| | |
|---|---|
| до 5 000 литра — — — — — — | 120,00 |
| над 5 000 до 10 000 литра — — — | 240,00 |
| над 10 000 до 30 000 литра — — — | 350,00 |
| над 30 000 до 100 000 литра — — — | 420,00 |
| над 100 000 до 250 000 литра — — — | 520,00 |
| над 250 000 до 500 000 литра — — — | 630,00 |
| над 500 m³ до 1 000 m³ — — — — | 840,00 |
| над 1 000 до 2 000 m³ — — — — — | 1 000,00 |
| над 2 000 до 5 000 m³ — — — — | 1 300,00 |
| над 5 000 до 10 000 m³ — — — — | 2 000.00 |
| над 10 000 до 20 000 m³ — — — — | 2 500,00 |
| над 20 000 m³, за секои понатамошни започнати 1 000 m³ уште по — — — | 300,00 |

2. За сувоземни резервоари од топчест облик, со зафатнина:

| | |
|---|---|
| до 50 m³ — — — — — — — — | 800,00 |
| над 50 до 100 m³ — — — — — | 1.000,00 |
| над 100 до 250 m³ — — — — — | 1.500,00 |
| над 250 до 500 m³ — — — — — | 1 800,00 |
| над 500 до 1 000 m³ — — — — — | 2 200.00 |
| над 1 000 m³, за секои понатамошни започнати 500 m³ уште по — — — | 250,00 |

3. За танкови на речни пловни објекти, за превоз на течности:

| | |
|---|---|
| до 4 комори — — — — — — | 2 540,00 |
| над 4 до 6 комори — — — — — | 3,600,00 |
| над 6 до 8 комори — — — — — | 4 500,00 |
| над 8 до 12 комори — — — — — | 5 520,00 |
| над 12 комори, за секоја понатамошна комора уште по — — — — — — | 400,00 |

4 За речни пловни објекти што имаат комори за сместување гориво и мазиво за сопствена потрошувачка, по комора·

| | |
|---|---|
| до 30 m³ — — — — — — — | 450,00 |
| над 30 до 50 m³ — — — — — — | 540,00 |
| над 50 до 100 m³ — — — — — — | 660,00 |
| над 100 m³, за секои понатамошни започнати 10 m³ уште по — — — — | 60,00 |

5. За танкови на поморски пловни објекти, за превоз на течности, со зафатнина:

| | |
|---|---|
| до 500 m³ — — — — — — — — | 4 000,00 |
| над 500 до 1 000 m³ — — — — — | 5.500,00 |
| над 1 000 до 2 000 m³ — — — — — | 8.000,00 |
| над 2 000 до 5 000 m³ — — — — — | 12.000,00 |
| над 5 000 до 10 000 m³ — — — — | 17 200,00 |
| над 10 000 до 20 000 m³ — — — — | 24.700,00 |
| над 20 000 до 30 000 m³ — — — — | 38.000,00 |
| над 30 000 m³, за секои понатамошни започнати 1 000 m³ уште по — — | 2.000,00 |

| | Дин/парче |
|---|---|
| 6. За поморски пловни објекти што имаат комори за сместување на гориво и мазиво за сопствена потрошувачка, по комора: | |
| до 50 m³ | 750,00 |
| над 50 до 250 m³ | 1.200,00 |
| над 250 до 500 m³ | 1.800,00 |
| над 500 до 1 000 m³ | 3.000,00 |
| над 1 000 m³, за секои понатамошни започнати 100 m³ уште по | 420,00 |

Тар. број 11

| | |
|---|---|
| Буриња обични и за пиво: | |
| до 2 000 литра зафатнина, за секои 100 литра зафатнина по | 2,00 |
| над 2 000 литра зафатнина, за секои понатамошни започнати 100 литра уште по | 1,00 |
| Остаток помал од 100 литра се смета како 100 литра | |

Тар. број 12

| | |
|---|---|
| Каци за комиње: | |
| за секој хектолитар зафатнина | 1,00 |

Тар. број 13

| | |
|---|---|
| Стаклени балони: | |
| до 6 литра | 1,00 |
| над 6 до 11 литра | 2,00 |
| над 11 литра | 3,00 |

Тар. број 14

| | |
|---|---|
| Угостителски садови: | |
| шишиња, чаши и бокали | 0,05 |

Тар. број 15

| | |
|---|---|
| 1. Гасомери со меови, со проток: | |
| до 0,5 m³/h | 5,00 |
| над 0,5 до 4 m³/h | 10,00 |
| над 4 до 15 m³/h | 20,00 |
| над 15 до 20 m³/h | 30,00 |
| над 20 до 30 m³/h | 40,00 |
| над 30 до 50 m³/h | 60,00 |
| над 50 до 100 m³/h | 90,00 |
| над 100 до 200 m³/h | 150,00 |
| над 200 до 300 m³/h | 180,00 |
| над 300 m³/h, за секои понатамошни започнати 100 m³/h уште по | 50,00 |
| 2. Ротациони гасомери, со проток: | |
| до 300 m³/h | 180,00 |
| над 300 до 500 m³/h | 200,00 |
| над 500 до 1 000 m³/h | 250,00 |
| над 1 000 до 2 000 m³/h | 300,00 |
| над 2 000 до 5 000 m³/h | 400,00 |
| над 5 000 до 10 000 m³/h | 500,00 |
| над 10 000 m³/h, за секои понатамошни започнати 1 000 m³/h уште по | 100,00 |

Тар. број 16

| | Дин/парче |
|---|---|
| Водомери, со проток: | |
| до 10 m³/h | 5,00 |
| над 10 до 20 m³/h | 8,00 |
| над 20 до 50 m³/h | 20,00 |
| над 50 до 100 m³/h | 40,00 |
| над 100 до 200 m³/h | 50,00 |
| над 200 до 500 m³/h | 100,00 |
| над 500 до 1 000 m³/h | 200,00 |
| над 1 000 до 2 000 m³/h | 300,00 |
| над 2 000 m³/h, за секои понатамошни започнати 500m³/h уште по | 100,00 |

**Д. Мерила за густина**

Тар. број 17

| | |
|---|---|
| 1. Ареометри: | |
| 1) ареометри без термометар, што се испитуваат на 5 точки од скалата | 10,00 |
| 2) ареометри со термометар, што се испитуваат на 5 точки од скалата | 10,00 |
| 3) ареометри без термометар, што се испитуваат на 3 точки од скалата | 8,00 |
| 4) ареометри со термометар, што се испитуваат на 3 точки од скалата | 6,00 |
| 2. Алкохолометри: | |
| 1) без термометар | 5,00 |
| 2) со термометар | 10,00 |
| 3. Ебулиоскопи | 50,00 |

**Ѓ. Мерила за испитување млеко**

Тар. број 18

| | |
|---|---|
| Бутирометри за млеко, павлака и сирење | 1,50 |

**Е. Мерила за притисок**

Тар. број 19

| | |
|---|---|
| Мерила за мерење притисок: | |
| 1) обични манометри: | |
| до 10 · 10⁵ Pa (до 10 kp/cm²) | 4,00 |
| над 10 · 10⁵ Pa до 100 · 10⁵ Pa (над 10 до 100 kp/cm²) | 5,00 |
| над 100 · 10⁵ Pa (над 100 kp/cm²) | 7,00 |
| 2) вакуумметри | 10,00 |
| 3) мановакуумметри | 15,00 |
| 4) за преглед на прецизни и контролни манометри се наплатува трикратен износ од тар. став 1 до 3 на овој тарифен број | |
| 5) манометри за мерење притисок во пневматици: | |
| стационарни | 10,00 |
| рачни | 4,00 |

**Ж. Мерила за електрична енергија и сила**

Тар. број 20

| | |
|---|---|
| 1. Броила за електрична енергија (струјомери): | |
| 1) монофазно броило за електрична енергија со еднотарифен бројник | 5,00 |
| 2) трифазно броило за активна и реактивна електрична струја со два односно три мерна система и со еднотарифен бројник | 10,00 |

| | Дин/парче |
|---|---|
| 3) за броила со тарифни направи (двотарифни и тритарифни броjници, покажувач на максималното оптоварување и др.), износот на жиговината се зголемува: | |
| за броилата од тар. став 1 на овој тарифен број, уште за секоја тарифна направа — — — — — | 2,00 |
| за броилата од тар. став 2 на овој тарифен број, уште за секоја тарифна направа — — — — — | 5,00 |
| 4) за броила со додатни направи (направа за спречување на спротивно регистрирање, давач на импулси и др.): | |
| за броилата од тар. став 1 на овој тарифен број, уште за секоја додатна направа — — — — — | 1,00 |
| за броилата од тар. став 2 на овој тарифен број, уште за секоја тарифна направа — — — — | 3,00 |
| Тарифните ставови 1, 2, 3 и 4 на овој тарифен број се однесуваат на електричните индукциони броила за активна енергија од класа 2,5 и 2 и за фреквентна енергија од класа 3 | |
| 5) за преглед на тарифните броила за електрична активна енергија од класа 0,5 и 1,0: | |
| без додатни или тарифни направи | 40,00 |
| за секоја тарифна направа износот на жиговината од овој тарифен став се зголемува уште за — — | 10,00 |
| за секоја додатна направа износот на жиговината од овој тарифен став се зголемува уште за — — | 5,00 |
| 2. Ватметри од класа 0,1 и 0,2 — — — | 150,00 |

Тар. број 21

| | |
|---|---|
| 1. Вклопни часовници: | |
| 1) со вклопник максимум — — — | 20,00 |
| 2) без вклопник максимум — — — | 15,00 |
| 2. Механички секундомери — — — | 15,00 |
| 3 Електрични секундомери — — — | 100,00 |
| 4. Вибрографи — — — — — — | 100,00 |

Тар. број 22

| | |
|---|---|
| 1. Мерни трансформатори: | |
| 1) струјни мерни трансформатори до Si 3,6 од класа 0,5, 0,2 и 0,1 за основен опсег: | |
| до 1 000 А називна струја — — — | 12,00 |
| над 1 000 до 2 000 А — — — — | 20,00 |
| над 2 000 до 3 000 А — — — — | 25,00 |
| над 3 000 до 5 000 А — — — — | 35,00 |
| над 5 000 до 10 000 А — — — — | 50,00 |
| за секој понатамошен опсег или друго јадро, жиговината од тар. став 1 на овој тарифен број се зголемува уште за — — — — — | 5,00 |
| 2) струјни мерни трансформатори над Si 3,6 од класа 0,5, 0,2 и 0,1, жиговината изнесува според напонот, и тоа: | |
| струјни трансформатор од редот на напонот Si 38 — — — — | 30,00 |
| струјни трансформатор од редот на напонот Si 72,5 и Si 123 — — | 160,00 |
| струјни трансформатор Si 245 — | 300,00 |
| струјни трансформатор Si 420 — | 450,00 |
| за секој натамошен опсег или друго јадро, жиговината од тар став 2 на овој тарифен број се зголемува уште за 10% | |
| 3) напонски мерни трансформатори од класа 0,5 0,2 и 0,1, жиговината изнесува според напонот: | |
| трансформатор Si 38 — — — | 27,00 |
| трансформатор Si 123 — — — | 140,00 |
| трансформатор Si 245 — — — | 270,00 |
| трансформатор Si 420 — — — | 400,00 |
| за секој понатамошен опсег или друго намотување, жиговината од тар. став 3 на овој тарифен број се зголемува уште за 10% | |
| 4) капацитивни напонски трансформатори за овие трансформатори жиговината изнесува 50% повеќе од износите предвидени во тар. став 3 на овој тарифен број а според истиот ред на напонот | |
| 2. Струјни трансформатори во составот на уреди за испитување на електрични броила — — — — — — — | 220,00 |
| 3. Напонски трансформатори во составот на уреди за испитување на електрични броила — — — — — | 160,00 |

### 3. Мерила за температура

Тар. број 23

| | |
|---|---|
| 1. Термометри: | |
| 1) лабораториски термометри за испитување на една точка во температурниот опсег: | |
| — 35°C до — 1°C — — — — | 5,00 |
| — 1°C до + 55°C — — — — | 4,00 |
| + 55°C до +105°C — — — — | 5,00 |
| +105°C до +205°C — — — — | 5,00 |
| +205°C до +305°C — — — — | 8 00 |
| +305°C до +515°C — — — — | 8,00 |
| +515°C до +705°C — — — — | 10,00 |
| за испитување на температурите од тар. став 1 на овој тарифен број, за секоја понатамошна точка уште по — — — — — — — | 2,00 |
| 2) индустриски термометри: | |
| до 100°C — — — — — — — | 6,00 |
| над 100°C до 200°C — — — — | 8,00 |
| над 200°C — — — — — — | 10,00 |
| 3) термометри за инкубатори — — | 3,00 |
| 4) термометри за специјални цели | 10,00 |

### S. Мерила за медицински цели

Тар. број 24

| | |
|---|---|
| 1. Медицински инжекциони шприцеви: | |
| 1) медицински инжекциони шприцеви од стакло: | |
| помали од 10 cm³ — — — — | 1,00 |
| од 10 cm³ и над 10 cm³ — — — | 0,80 |

| | Дин/парче |
|---|---|
| 2) медицински инжекциони шприцеви за еднократна употреба од пластична маса — — — — — | 10,00 |
| 2. Справи за мерење на крвниот притисок — — — — — — — — | 10,00 |
| 3. Медицински термометри за мерење на телесната температура (хумани и ветеринарни) — — — — — — | 1,00 |
| 4. Термометри во медицински апарати | 6,00 |

## И. Лабораториски мерни садови

Тар. број 25

| | |
|---|---|
| 1. Одмерни тиквички и мерни цилиндри (мензури) за една или повеќе мерни големини: | |
| 1) одмерни тиквички и мерни цилиндри со една мерна црта чија вкупна зафатнина е: | |
| помали од 500 ml — — — — | 6,00 |
| од 500 ml и над 500 ml — — — | 8,00 |
| 2) одмерни тиквички и мерни цилиндри со повеќе од една мерна црта, жиговината за секоја понатамошна мерна црта изнесува 50% повеќе од износот од тар. став 1 на овој тарифен број | |
| 2. Мерни цилиндри со поделба: | |
| за испитување на 3 точки — — | 10,00 |
| за испитување на 5 точки — — | 15,00 |
| 3. Пипети: мешлести и капиларни: | |
| 1) мешлести пипети со една мерна црта со вкупна зафатнина: | |
| до 100 ml — — — — — — | 6,00 |
| над 100 ml — — — — — — | 8,00 |
| 2) за мешлести пипети со две мерни црти покрај износот од тар. став 1 на овој тарифен број се засметува уште и 50% повеќе од износот од тар. став 1 на овој тарифен број | |
| 3) капиларни пипети без или со поделба: | |
| за секоја прва испитна точка — | 6,00 |
| за секоја понатамошна испитна точка — — — — — — — — | 3,00 |
| 4 Бирети и одмерни пипети: | |
| за испитување на 3 точки — — | 10,00 |
| за испитување на 5 точки — — | 15,00 |

## ДЕЛ II. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИ ЗА ПРЕГЛЕД НА МЕРИЛА

Тар. број 26

| | Дин/парче |
|---|---|
| 1. Уреди за испитување на мерни направи за ваги — — — — — — | 400,00 |
| 2. Уреди за испитување буриња со зафатнина на котелот: | |
| до 100 литра — — — — — — | 50,00 |
| над 100 до 600 литра — — — | 100,00 |
| над 600 до 1 000 литара — — — | 120,00 |
| над 1 000 литра, за секои понатамошни започнати 100 литра уште по — — — — — — — — | 10,00 |
| 3. Уреди за испитување на угостителски садови — — — — — — — — | 120,00 |
| 4. Уреди со ѕвоно за испитување на гасомери, со зафатнина на котелот: | |
| до 300 литра — — — — — — | 180,00 |
| над 300 до 600 литра — — — | 240,00 |
| над 600 до 1 000 литра — — — | 360,00 |
| над 1 000 до 2 000 литра — — — | 400,00 |
| над 2 000 литра, за секои понатамошни започнати 100 литра уште по — — — — — — — — | 10,00 |
| 5. Уреди за испитување на водомери со зафатнина на котелот: | |
| до 100 литра — — — — — — | 60,00 |
| над 100 до 300 литра — — — | 150,00 |
| над 300 до 500 литра — — — — | 200,00 |
| над 500 до 1 000 литра — — — | 300,00 |
| над 1 000 литра, за секои понатамошни започнати 100 литра уште по — — — — — — — — | 10,00 |
| 6. Уреди за испитување манометри — | 400,00 |
| 7. Уреди за испитување електрични броила: | |
| со еден мерен елемент — — — | 100,00 |
| со повеќе мерни елементи — — | 300,00 |
| 8. Стабилизатори на напон за напојување уреди за испитување електрични броила — — — — — — — — | 360,00 |

## ДЕЛ III. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПРЕГЛЕД И ТИПСКО ИСПИТУВАЊЕ НА МЕРИЛА

Тар. број 27

| | |
|---|---|
| 1. Испитување мерни направи за ваги | 100,00 |
| 2. Дотерување специјални тегови и тара-тегови што ги употребуваат производителите и лица што поправаат и преправаат ваги и тегови, за секој тег — — — — — — — — — | 2,00 |
| 3. Дотерување аналитички тегови, за секој тег — — — — — — | 3,00 |
| 4. За користење контролни тара-тегови на органите на контролата од страна на производителите и лицата што поправаат и преправаат мерила, а кои се должни да му обезбедат на органот на контролата опрема за вршење преглед, се наплатува по килограм и започнат ден по — — — — — — | 0,05 |
| 5. Превоз на опрема за вршење преглед на мерила со возило од органот на контролата во еден правец: | |
| на оддалеченост до 10 km — — | 200,00 |
| за секој понатамошен километар уште по — — — — — — — | 10,00 |

**Забелешки кон I, II и III дел од тарифата**

1. Ако прегледот на мерила се врши во деловните простории на организацијата на здружениот труд што произведува, поправа или преправа мерила, или која увезува мерила, а организацијата на здружениот труд ги исполнува условите од член 23 став 3 на Законот за мерните единици и мерилата, жиговината се намалува за прегледот на мерилата наведени во тарифните броеви 1 до 25 на оваа тарифа, зависно од тоа дали организацијата на здружениот труд се наоѓа во седиштето на контролата или надвор од седиштето, од условите на работата, од обемот на производството на мерилата, од начинот на испитувањето на мерилата (сериски, поединечно, со земање на мостри и сл.), од опременоста на експозитурата за преглед, од стручната квалификуваност на кадрите и од бројот на помошниот персонал и др.

| | |
|---|---|
| Ако се исполнети минималните услови од став 1 на оваа точка, жиговината се намалува за — — — — | 10% |
| Ако се исполнети посебните услови, жиговината се намалува и тоа: | |
| 1) ако се подобрени климатските услови над минималните за — — | 5% |
| 2) ако е подобрена стручната квалификуваност на кадрите за — — | 8% |
| 3) ако е подобрена мерно-техничката опрема над пропишаниот минимум за — — — — — — — — | 8% |
| 4) ако е воведена современа механографска постапка за обработка на податоци, евиденција на испитаните мерила односно на мерила во експлоатација за — — — — — — | 3% |
| 5) ако се воведени автоматски испитни уреди што овозможуваат брз и сигурен преглед на голем број мерила за — — — — — — — — | 25% |
| 6) ако е воведен технолошко-производствен процес кој овозможува контрола на мерила со контрола на технолошкиот процес и со статистички преглед на мостри за — — — — — — — — | 25% |
| 7) ако е воведена современа постапка за ремонт на мерила со која се овозможува посигурна експлоатација на мерилата за — — — — | 10% |
| 8) ако ажурно се извршени годишните односно периодичните планови за преглед на мерилата за — | 10% |
| 9) на експозитурите со голем капацитет, под услов тој капацитет да е искористен најмалку за 80%, за | 5%. |

Вкупното намалување на жиговината се добива, ако се собере намалувањето по сите основи, со тоа што тоа да не може да изнесува повеќе од 50%.

Ако некој од условите од став 3 на оваа точка се измени, намалувањето на жиговината по тој основ се укинува. Намалувањето на жиговината се укинува и ако при статистичкото испитување се пронајдат неисправни мерила, односно мерила што не им одговараат на техничките услови (член 18 од Законот за мерните единици и мерилата).

2. Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали го утврдува исполнувањето на условите за намалување на жиговината.

3. За преглед на нови мерила од увоз кој се врши првпат не се одобрува намалување на жиговината без оглед каде се испитуваат мерилата освен ако увозникот отвори лабораторија за преглед на увезените мерила во своите деловни простории (точка 1 на овие забелешки).

4. За повремени прегледи на мерила, освен на мерилата наведени во тр. број 10 на оваа тарифа, се наплатува двократен износ на жиговината од соодветните тарифни броеви на оваа тарифа.

5. За преглед на резервоари и цистерни по сув пат што се наоѓале во употреба (загадени резервоари и цистерни) се наплатува жиговината зголемена за 20% од жиговината од тар. број 10 на оваа тарифа. За преглед на танкови што се наоѓале во употреба (загадени танкови) се наплатува жиговината зголемена за 10% од жиговината од тар. број 10 на оваа тарифа.

6. За преглед на мерила наменети за извоз, кој се врши по барање на странка, се наплатува 50% од жиговината пропишана во соодветните тарифни броеви на оваа тарифа.

7. За преглед на мерила кои не се наведени во оваа тарифа, жиговината и другите надоместоци се наплатуваат по работен час.

8. За испитување еталони, нормали и уреди со кои се врши преглед на мерила, а кои не се наведени во оваа тарифа, жиговината и другите надоместоци се наплатуваат по работен час.

9. За вршење типско и дополнително типско испитување, жиговината и другите надоместоци се наплатуваат по работен час.

10. За мерења и други услуги што се вршат на барање на странка, надоместокот се наплатува по работен час.

11. Ако на жигосано мерило настане растројување на механизмот кој е заштитен со службен жиг, а тоа растројување може да се отстрани со симнување на пломбите и со еднострано наместување на механизмот, надоместокот за повторното ставање на жигот на мерилото се наплатува по работен час, со тоа што се засметува и времето од поаѓањето на органот на контролата од службените простории до неговото враќање.

12. Ако поради неприготвено мерило за преглед, односно неприготвен материјал за испитување на мерило, органот на контролата повикан по барање на странката чека, надоместокот се наплатува по работен час.

13. Ако странката бара органот на контролата да изврши експертиза за исправноста на мерилото и за тоа да издаде посебно уверение со податоци што таа ги бара за мерилото, за извршената експертиза ќе се плати уште 50% од надоместокот определен во соодветните тарифни броеви на оваа тарифа.

14. За работен час врз основа на кој се пресметува жиговината и другите надоместоци за преглед на мерилата и другите мерења предвидени со оваа тарифа, се наплатува зависно од употребената опрема и од условите на испитувањата 50 до 70 динари."

2 Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1974 година.

10 Бр. 3437/2
17 декември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
**Бошко Димитриевиќ**, с. р.

---

**949.**

Врз основа на член 63 од Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/65 и 29/66), сојузниот секретар за земјоделство издава

## НАРЕДБА

### ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА ЗАРАДИ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДОБИТОКОТ

1. Заради спречување на внесувањето или пренесувањето на добиточната болест лигавка и шап предизвикани со типот на вирусот Asia 1 од Турција и Иран во Југославија, се забранува увозот од Турција и Иран во Југославија или транзитот од Турција или Иран преку територијата на Југославија на пратки на домашни и диви чапункари и месо и производи од месо што потекнуваат од тие животни а не се термички обработени (варени или печени) на температура од +72° С.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за преземање мерки на државната граница заради здравствена заштита на добитокот („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72, 26/72 и 49/73).

3. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3350/2
19 декември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за земјоделство,
**Иво Куштрак**, с. р.

---

950.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „FRANKFURTER ALLGEMEINE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Frankfurter Allgemeine zeitung" број 273 од 23 ноември 1973 година, кој излегува на германски јазик во Франкфурт, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/118
10 декември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

---

951.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE WELT"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Die Welt", број 272 од 20/21 ноември 1973 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/120
10 декември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

---

952.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „CORRIERE DELLA SERA"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Corriere della sera", бр. 273 од 24 ноември 1973 година, кој излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/119
11 декември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

---

953.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „L'EUROPEO"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „L'Europeo", број 48 од 29 ноември 1973 година, кое излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/120
11 декември 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

---

954.

Врз основа на член 7 од Законот за обезбедување на трајни обртни средства на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72 и 40/73), по прибавеното мислење од гувернерот на Народната банка на Југославија, сојузниот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНАТА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ НА ЗАЛИХИТЕ И ЗА НАЧИНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И НА КРЕДИТИТЕ ЗА ТРАЈНИ ОБРТНИ СРЕДСТВА

1. Во Упатството за начинот за утврдување на просечната годишна вредност на залихите и за начинот за утврдување на сопствените средства и на кредитите за трајни обртни средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/72 и 9/73) во точка 2 став 1 по зборовите: „трговски стоки" зборовите во загради: „дел на контата" се бришат, а на крајот на ставот зборовите: „(дел на контата 660 и 669)" ќе се заменуваат со зборовите: „(контата 670 и 679)".

2. Во точка 3 став 1 во одредбата под 1 бројот: „223" се заменува со бројот: „224", во одредбата под 2 зборовите: „(дел од групата 91)" се заменуваат со зборовите: „(дел на контото 993)", а во одредбата под 4 бројот: „278" се заменува со бројот: „288".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Износите одредени според одредбите на ст. 1 и 2 на оваа точка не можат да бидат поголеми од искажаниот износ на залихите во истиот период."

3. Во точка 4 ст. 2 до 5 се заменуваат со пет нови ставови, кои гласат:

„Делот на сопствените извори на деловните средства што се користи за обртни средства и делот

на обртните средства употребен за инвестиции се утврдуваат на начинот пропишан во член 12 под ред. бр. 24 до 27 од Правилникот за содржината на одделни позиции во билансите на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73 и 53/73), со тоа што не се врши пресметување на просекот, туку се зема состојбата на денот за кој се утврдува делот на сопствените извори на деловните средства што се користи за обртни средства.

Делот на сопствените извори на деловните средства што се користи за обртни средства утврден на начинот од став 2 на оваа точка се зголемува за износот на делот на сопствените извори на деловните средства што се користат за покритие на дадените потрошувачки кредити, а тој дел се утврдува така што од износот на состојбата на дадените потрошувачки кредити се одбиваат износите на примените кредити за покритие на потрошувачките кредити.

Состојбата на долгорочните кредити за обртни средства се утврдува врз основа на состојбите искажани на соодветните конта од групата на контото 91 — Долгорочни кредити за деловни средства (конта 913, 914, 915 и дел од контото 916 и од контата 917, 918 и 919), освен износите што во пресметката се искажани како покритие на пласманот односно на основните средства.

Состојбата на другите извори на деловните средства што се изедначуваат со трајните извори на обртните средства се утврдува така што се земаат износите на средствата на резервите што се користат за обртни средства, а ќе им се вратат на средствата на резервите според одредбите на член 13 став 3 од Законот за средствата на резервите („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72, 71/72 и 40/73)".

